Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ристовска Невенка Скопје УП2 09-161/24 од 25 март 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија 1139234901 за период 16.01.2024-12.02.2024 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија 1139234901 за период 16.01.2024-12.02.2024 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ристовска Невенка Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-161/24 од 25 март 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија 1139234901 за период 16.01.2024-12.02.2024 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Според Електродистрибуција – броилото редовно се отчитува, а регистрираните состојби се доставуваат за фактурирање соодветно. Предметната фактура 1139234901 - 3 е изготвена согласно отчитаните состојби на 12.02.2024 година.

Оттука, нема основ да се постапи по барањето на корисникот за корекција на предметната фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-161/24 од 25 март 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 2 април 2024 со прилог:

- Извештај за отчитани состојби на броилото.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–161/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**